# Задоволство од остварените резултати

"Се чувствувам навистина задоволен од тоа како Музејот ја заокружи оваа календарска година. Предвидените два големи проекта, на кои напорно работевме и се трудевме да ги реализираме, се остварија во задоволителни рамки", изјави за "Македонија денес" директорот на Музејот за современа уметност, Зоран Петровски. "По пет напорни години, успеавме да ја отвориме ретроспективната изложба на Ордан Петлевски, која несомнено ја привлече македонската публика. Покрај оваа поставовка, ја отворивме и ретропсективната изложба на



Стефан Маневски, која беше реализирана на задоволително ниво. Овие две големи изложби претставуваат одличен адут, кој ќе значи продолжување на ретроспективниот тренд, кој оваа институција отсекогаш тежнеела да го форсира со тоа што во последно време успева да го актуелизира поенергично. Изложбата на улични фотографии на режисерот Милчо Манчевски направи бум во вистинска смисла на зборот и веќе се дефинирани нејзините следни дестинации, а првата од нив е еден од изложбените салони во Стокхолм, веќе следната година".

Финансиите, кои Министерството за култура, оваа година, ги отстапи на Музејот за современа уметност се на релативно задоволително, но сепак, скромно ниво, гледано споредбено со предходните програмски предвидени години.

"Единствената забелешка на Музејот е потребата за подолгорочно стабилно планирање на проекти, а, воедно, и нивно реализирање. Да не заборавиме, оваа година се случи војната на Косово, поради која, неколку сериозно дефинирани странски проекти се одложени за следната година. Тука се направи големо отстапување од програмската концепција, цврсто набележана за оваа календарска година. Но, и покрај овој неодминлив факт, сметам дека годината беше успешна".

Ивана **ТАСЕВ**